СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSI
СКОПЈЕ SHKUP
Примено 21-02-2024

| Орг.Единица Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
|---|---|---|---|
| 03 | 810/1 | | |


[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** Friday, February 16, 2024 11:03 AM
**To:** contact@dksk.org.mk; Burim Abazi; irenapopovska@gmail.com
**Subject:** РЕ:Имотна состојба Александар Петрески член на управен одбор ЈП државни патишта

Почитувани,
Се обраќам до Вам со барање, да ме информирате, со каков недвижен и подвижен имот располага г-дин Александар Петрески, кој е назначен со акт на Владата на РСМ за член на Управен одбор на јавното претпријатие за државни патишта. Со ден 31 октомври 2023 година
Во прибавување на оваа информација се повикувам на Законот за пристап на информации од јавен карактер, и барам писмено на мојот емаил да ми се одговори по ова прашање. Со оглед дека информацијата се уште не е званично објавена на Вашиот јавен пребарувач за имотна сосотојба, на именувани функциониери а истиот е веќе именуван од дата 31.10.2023 година.
Очекувам одговорот да ми биде доставен во најкусо време.
Ви благодарам,
со почит,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-810/ 2
05-03-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-810/1 од 21.02.2024 година, доставено од адвокат [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. бр. 03-810/1 од 21.02.2024 година, доставено од адвокат [redacted] СЕ **УВАЖУВА.**

Бараната информација да се достави до барателот на информацијата на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, адвокат [redacted] во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање со кое побара: ***„Се обраќам до Вам со барање, да ме информирате, со каков недвижен и подвижен имот располага г-дин Александар Петрески, кој е назначен со акт на Владата на РСМ за Претседател на Управен одбор на јавното претпријатие за државни патишта. Со ден 31 октомври 2023 година. Во прибавување на оваа информација се повикувам на Законот за пристап на информации од јавен карактер, и барам писмено на мојот емаил да ми се одговори по ова прашање. Со оглед дека информацијата се уште не е званично објавена на Вашиот јавен пребарувач за имотна состојба, на именувани функциониери а истиот е веќе именуван од дата 31.10.2023 година"***

Согласно член 16 став 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, произлегува дека се работи за барање за пристап до информации од јавен карактер по истото ќе се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до

информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019). Доставеното барање е примено во ДКСК, заведено под архивски бр. 03-810/1 од 21.02.2024 година.

По разгледување на барањето и утврдување на фактичка состојба, ДКСК констатира дека не располага со бараната информација и дека лицето Александар Петрески, кој е назначен со акт на Владата на РСМ за претседател на Управен одбор на јавното претпријатие за државни патишта, нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси (анкетен лист) до ДКСК.

Согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, наведеното лице има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси во рок 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето.

По сопствена иницијатива на ДКСК е оформен предмет заведен под архивски бр. 08-3987/1 од 17.08.2023 година за проверка на имотната состојба за горенаведеното лице и постапувањето е во тек.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил:

Да се достави до:
- подносителот